Уп. бр. 08-126

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво Белград со регистрирано седиште на ул. Таковска бр.2, Белград, Република Србија, преку овластено лице Огнен Трајковски од Скопје на седницата одржана на ден 17.09.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија со регистрирано седиште на Таковска бр.2., Белград, Република ќе стекне поединечна контрола над ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА БЕЗЖИЧНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЛИНК 016 ДОО ЛЕБАНЕ, со регистрирано седиште на улица Цара Душана 47, 16230 Лебане, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 25.08.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна Препријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица „Таковска“ број 2, Белград, Република Србија, со која Препријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво Белград ќе стекне поединечна контрола над ТРГОВСКО

ДРУШТВО ЗА БЕЗЖИЧНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЛИНК 016 ДОО ЛЕБАНЕ со регистрирано седиште на улица Цара Душана 47, 16230 Лебане, Република Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

- Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград на територијата на Република Северна Македонија има поврзано друштво и тоа:

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Поврзано лице на Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје („ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје“), со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност- сателитски телекомуникации.

**ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА БЕЗЖИЧНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЛИНК 016 ДОО ЛЕБАНЕ** е оператор за електоронски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги.

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА БЕЗЖИЧНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЛИНК 016 ДОО ЛЕБАНЕ нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**